РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-9459/5
06-04-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на првото продолжение на 84-та седница одржано на ден 31.03.2023 година донесе

О Д Л У К А

Постапката на ДКСК по предмет број 08-4148/1 од 30.10.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _____, член на Управниот одбор на _____, СЕ ЗАПИРА.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот под број 08-4148 од 2021 година е оформен по сопствена иницијатива, а по донесен заклучок на ДКСК и извршен увид во изданијата на Службен весник на Република Северна Македонија за 2021 година за извршени избори/именувања односно престок на функција како и проверка во евиденцијата на ДКСК за исполнување на законската обврска за доставување анкетен лист од страна на лицата кои се избрани/именувани односно им престанала функцијата.

Од увидот во Службен весник на РСМ број 191/2021 ДКСК утврди дека _____ на ден 30.07.2021 година, е именуван на функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ _____ и дека во законски предвидениот рок по именувањена функцијата не поднел анкетен лист до ДКСК.

ДКСК, од ЈЗУ _____ побара податоци за именуваното лице.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на ЈЗУ _____ е известено дека не располагаат со податоци за лицето Николче Дукоски од причина што не присуствувало на ниту една седница на Управниот одбор.

Воедно, ЈЗУ _____ извести дека на именуваното лице воопшто не му е исплаќан надоместок за членство во Управниот одбор.

Тргнувајќи од наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Катица Николовска